ФАБРИКА ЗА КВАСЕЦ И АЛКОХОЛ АД
бр. 02-610/3
07.08.2023
БИТОЛА

Врз основа на чл.150 од Статутот на фабриката за квасец и алкохол АД Битола, собранието на акционери на својата седница одржана на 07.08.2023 год., донесе

**О Д Л У К А**
**за промена на дејноста на друштвото**

**Чл. 1**

Во глава **II.ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО,** во членот 8 од Статутот на акционерското друштво на Фабрика за квасец и алкохол Битола (пречистен текст) од 26.06.2020 год. се врши промена на дејноста на друштвото со тоа што се бришат досегашните дејности, а се внесува следната измена:

„Друштвото ќе ги обавува сите дејности според Националната класификација на дејностите (НКД)– Општа клаузула за бизнис.

По исклучок од ставот 1, на овој член дејностите за кои според НКД со закон е пропишано да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или друг акт на државен орган, друштвото може да ги врши откако за тие дејности добие согласност, дозвола или друг акт на државен орган согласно со закон.

Друштвото во рамките на обавувањето на дејноста ќе обавува дејност и во надворешниот промет.

Приоритетна дејност на друштвото е: 10.89 Производство на останати прехранбени производи, не спомнати на друго место."

**Образложение**

Новонастанатите услови за работа во трговскиот промет наметнаа потреба од промена на дејностите на друштвото па заради тоа се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Собрание на акционери на
Фабрика за квасец и алкохол АД
Битола
Претседавач,
Ленче Стојчевска